Објавен во Службен весник број: 115/2014
Датум на објавување: 01.08.2014

# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

## Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14 и 28/14), во насловот на членот 232 по зборот „организми“ се додаваат зборовите: „или семенски или саден материјал“.

## Член 2

Во членот 232 став (1) по зборовите: „растителниот свет“ се става запирка и се додаваат зборовите: „или семенски или саден материјал или живи растенија и живи делови од растенија, вклучувајќи го и семето, делови од растенија или цели растенија вклучително и садни подлоги, наменети за размножување и производство на саден материјал од земјоделски растенија или шумски и декоративни видови дрвја или материјал за размножување, на кои нема извршено здравствена контрола.“

## Член 3

Овој законик влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.